Australian Macedonian
# TODAY
33 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIV No 1977 6 SEPTEMBER 2024 FREE


FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО
ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

## НИКОЈ НЕ ЗНАЕ КОЛКУ ОСУДЕНИЦИ СЕ НАДВОР ОД ЗАТВОРИТЕ – ОД ШУТКА И „ИДРИЗОВО“ НАД 100 СЕ ПОСТОЈАНО НА УЛИЦА



## ЗА ДЕСЕТ ГОДИНИ БРОЈОТ НА УЧЕНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА Е НАМАЛЕН ЗА 27 ИЛЈАДИ

## ОД НЕВРАБОТЕН, БЕЗ ИСКУСТВО И ДИПЛОМА, СЕГА ЗАРАБОТУВА МИЛИОН ДОЛАРИ ГОДИШНО



## МИЦКОСКИ И МЕЏИТИ НА РАЗЛИЧНИ ПОЗИЦИИ:



## ЌЕ ПАДНЕ ЛИ ЗАКОНОТ ЗА ЈАЗИЦИТЕ НА УСТАВЕН СУД?

# Му ја каменувале куќата на светскиот првак Илиоски - тројца испратил во болница!



Македонскиот кикобксер Бобан Илиоски во понеделникот вечерта имал непријатна епизода откако по физичка пресметка со едно лице, била каменувана неговата куќа во општина Аеродром.

Според информациите од полицијата, Илиевски влегол во конфликт затоа што претходно бил нападнат член на неговото семејство.

„На 02.09.2024 околу 22:20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на општина Аеродром, по претходна расправија, Б.И. од Скопје и уште едно лице физички го нападнале Е.Л.(28) од Скопје. Според пријавеното, после тоа Е.Л. со поголема група на луѓе отишле пред домот на Б.И. и фрлале тврди предмети кон него и неговото семејство. Притоа, со повреди се здобиле В.И., Д.Н. и Е.Л., констатирани во Комплексот клиники 'Мајка Тереза' и Градската општа болница 'Св. Наум Охридски'. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот", стои во извештајот од полицијата.

Бобан Илиоски е светски шампион во кикбокс, во верзијата ВАКО ПРО, а титулата ја освои во април во Скопје.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com

## Во Македонија има 1.765 гнезда на штркови и 3.934 млади штркчиња

Во Македонија има 1.765 гнезда на штркови со 3.934 изведени штркчиња, преброи Македонското еколошко друштво (МЕД). Во земјата има и 389 неактивни гнезда – или не се изведе млади или имало само една возрасна птица. МЕД го спроведе пребројувањето на штрковите на национално ниво во рамки на 8-от Европски цензус на штркови кој што се прави на секои 10 години, а во Македонија првпат се спроведе во 2014 година. Во споредба со тој попис во земјата има зголемување на популацијата на штркови за 60%, при што бројот на активни гнезда порастнал од 837 на 1.388. Исто така, годинава се изведе 49% повеќе млади споредено со 2014 година (1.964).



Како региони со најмногу гнезда на штркови се издвојуваат Пелагонија со 541 и Овче Поле со 326. Во Пелагонија има и најголем број млади – 1.170, следено од Овче Поле и Кочанско Поле со 707. Трите села во најмногу гнезда на штркови се Стојаково со 53, Богородица со 45 и Росоман со 41 (www.ptici.mk).






# Во Пехчево за 10 години 83 отсто помалку средношколци, повеќе ученици има само во Скопје и во Струмица



Само за последните десет години бројот на ученици во основните и во средните училишта во Македонија е намален за 27 илјади. Намалувањето на бројот на ученици е особено изразен во средното образование, каде за десет години бројот на ученици е намален дури за 20% или минус 17 илјади ученици. Во основното образование, намалувањето изнесува 5 %, односно 10 илјади ученици.

Во две третини од општините има намалување на бројот на ученици, додека зголемување има во десет скопски општини и во 9 други општини, надвор од Скопскиот Регион. Најголемо зголемување и во вкупна бројка и процентуално има во Бутел и Карпош. Во Карпош, во последната учебна година имало речиси 2.500 повеќе основци отколку пред десет години, што е зголемување на бројот на ученици за 56%. Во Бутел, зголемувањето е за околу 2.000 ученици, односно за 59%. Слично е и во Ѓорче Петров каде зголемувањето е за 43%, односно за нешто повеќе од илјада ученици.

Надвор од Скопје, зголемување имало во девет општини, но во сите заедно имало само илјада ученици повеќе сега отколку пред десет години. Тоа се претежно мали општини како Чашка, Теарце, Ресен и Крушево. Единствено од поголемите градови, само во Струмица има зголемување на бројот на основци за околу 400, односно за 9%.

Кога станува збор за средното образование, состојбата е многу полоша. Таму, намалување на бројот на ученици има во дури 73 општини, односно во над 90% од општините, вклучувајќи го и Град Скопје како целина каде има намалување од 2.727 средношколци, односно за 10% во последната учебна година.

Спротивно, зголемување има само во седум општини од кои пет се од Скопскиот регион и само три други општини, Брвеница, Боговиње и Богданци. Четири од општините со зголемување се оние во коишто во последните десет години се отворило средно училиште, а претходно немало со што може да се оправда зголемениот број на ученици. Ако се иземат овие општини, бројот на ученици во средно е зголемен само во 3 општини во земјата и тоа: Аеродром, Центар и Богданци.

Како и да е, во сите седум општини каде што има зголемување на бројот на средношколци, вкупната бројка на зголемување изнесува 1.136, наспроти 18.000 за колку што е намален бројот на ученици во останатите 73 општини.

Во изминатата учебна година имало 1.203 наставници во основното образование повеќе отколку пред десет години, односно нивниот број е зголемен за 7 %. Истовремено, бројот на ученици е намален за 5%.

Кај средното образование бројот на наставници е намален за речиси 5%, но таму намалувањето на бројот на ученици е за 20%.



# Воспитувач призна дека извршил стотици сексуални злосторства над деца



Поранешен воспитувач во детска градинка, **Ешли Пол Грифит**, призна дека извршил 307 сексуални дела против повеќе десетици деца во периодот од 2007 до 2022 година, додека работел во детски установи во *Бризбејн*.

**Грифит** (46), жител на *Голд Кост*, ја призна вината за сите обвиненија на судењето што се одржа пред окружниот суд на *Квинсленд*.

Во преполнатата судница, читањето на сите 307 обвиненија траеше два часа, а некои од присутните беа принудени да стојат поради немање доволно простор, додека неколку набљудувачи плачеа за време на рочиштето кое го предводеше судијата **Ентони Рафтер**. **Грифит** мирно ја призна вината за сите точки од обвинението, повремено климајќи со главата, и е формално осуден за сексуалните дела извршени во градинките каде што работел од јануари 2007 до август 2022 година.

Обвиненијата вклучуваат 190 случаи на незаконско и недолично однесување со дете помладо од 12 години, 28 случаи на силување, 67 случаи на создавање материјали за експлоатација на деца, четири случаи на производство на материјали за експлоатација на деца и еден случај на дистрибуција на вакви материјали. Тој беше уапсен во октомври 2022 година од страна на *Австралиската федерална полиција (АФП)* и полицијата на *Квинсленд*.

Сите жртви се идентификувани и нивните семејства се информирани, претходно соопшти *АФП*. Грифит работел во некои центри за згрижување деца каде што не извршил престапи.

Датумот на изрекување на пресудата за **Грифит** допрва треба да биде одреден, но тој повторно ќе се појави пред окружниот суд на 9 септември.




# Тигар нападна жена вработена во Dreamworld во Квинсленд

Жена што работи со животни во забавниот парк *„Дримворлд"* во *Квинсленд* беше нападната од тигар и е хоспитализирана со длабоки расеченици на раката. Службите за итни случаи биле повикани во забавниот парк *„Дримворлд"* во близина на *Голд Коуст* по инцидент со тигар, соопшти локалната служба за итни случаи.

Според извештаите, повредената жена, која има околу четириесет години, моментно е во болница и е во стабилна состојба.



# Од големото невреме загина жена, 120.000 луѓе останаа без струја




Една жена загина, а повеќе од 120.000 жители се без струја по силните ветрови и силниот дожд што ја зафатија *Австралија*.

Голема штета е забележана во *Викторија* и *Тасманија*, при што една 63-годишна жена загинала откако дрво паднало врз кабина во туристички парк на границата меѓу *Викторија* и *Нов Јужен Велс*.

*„Тоа е тажен и трагичен збир на околности за семејството на жената и моите мисли и сочувство се упатуваат кон неа и до службите за итни случаи кои реагираа на инцидентот"*, рече на прес-конференцијата **Џасинта Алан** премиерката на *Викторија*.

Државната служба за итни случаи на *Викторија* примила повеќе од 2.800 повици главно за соборени дрвја и оштетувања на покриви, додаде премиерката.

Повеќе од 120.000 жители останаа без струја од ветерот кој дуваше со брзина од 150 км/ч.

Владата на *Викторија* советуваше луѓето да ги избегнуваат крајбрежните области поради опасните бранови, нестабилното тло во областите на карпите и поплавите во ниските области. И јужната островска држава *Тасманија* беше погодена од невремето, а илјадници останаа без струја од поплавите.

*„Тоа беше уште една бура низ државата со многу разурнувања"*, рече **Мик Лоу**, извршен директор на државната служба за вонредни состојби на *Тасманија*, на прес-конференција.

Невремето низ јужниот дел на *Австралија* следеше по неколкудневните невообичаено високи зимски температури од речиси 30 степени Целзиусови во *Сиднеј*.

**INJURED?** **ПОВРЕДЕНИ?**

- ✓ TAC
- ✓ WorkCover
- ✓ Slips & Falls
- ✓ Superannuation TPD
- ✓ All Injury Claims
- ✓ Free First Appointment
- ✓ Speak Macedonian
- ✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

- ✓ Сообраќајни повреди
- ✓ Повреди на работа
- ✓ Суперануација и траен инвалидитет
- ✓ Сите видови на повреди
- ✓ Првата средба е бесплатна
- ✓ Зборуваме Македонски
- ✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE

JOHN DELLIOS & ASSOCIATES

183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000 LAWYERS



# Ќе падне ли Законот за јазиците на Уставен суд? Мицкоски и Меџити на различни позиции

Што и да реши Уставниот суд во однос на иницијативите за Законот за употреба на јазиците тоа решение треба да се почитува. Да почекаме да се произнесат, да не се врши пристисок врз судските истанци, рече македонскиот премиер Христијан Мицкоски. Неговиот владин коалициски партнер, првиот вицепремиер и министер за животна средина и просторно планирање Изет Меџити пак ги повика членовите на Уставниот суд да размислат со трезна глава бидејќи со иницијативата за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците од 2019 година можат да придонесат за дестабилизација на државата.

Мицкоски смета дека не треба да се врши притисок на уставните судии.

- Да почекаме да се произнесе. Не знам зошто се прави овој притисок. Јас разбирам дека ДУИ, луѓето кои изминативе 20-ина години заробија низа од институциите, од голтари станаа милионери, ќе се обидат да манипулираат со дел од нашите сограѓани со етнички теми, па некои од нив се дрзнаа дури и со верски теми да собираат, да манипулираат и ова им е одлична тема на тој начин да манипулираат. Но, тоа што тие го направиле, е прашање на кое тие треба да одговорат. Затоа, би апелирал до јавноста да не вршиме притисок на судските инстанци, да не вршиме притисок на Уставниот суд, да почекаме Уставниот суд да се произнесе. Не сакам да верувам дека постои граѓанин во Македонија кој нема да почитува судска одлука. Ние сме држава која се темели на владеење на право. Може да се подобруваат и носат нови закони, но во рамки пред се на Уставот и интересот на граѓаните. Вистинското прашање е зошто тие што го донеле тој закон потенцијално донеле закон што е неуставен, а вратете се назад и погледнете го мислењето на Венецијанската комисија и уште тогаш ќе го добиете одговорот на оваа дилема, изјави Мицкоски



Наспроти него, неговиот вицепремиер од коалицијата „Вреди", Изет Меџити вели дека нема дилеми оти некој сака да го укине албанскиот јазик како службен јазик.

- Дилемата се отвори од пред неколку години за одредени одредби и членови од актуелниот закон. Законот за употребата на јазиците е донесен набрзина и не е како што треба. Затоа денеска остава простор некој да покрене таква иницијатива. Исто така, добиени се и препораките од Венецијанската комисија, но не се постапило по нив. Прашањето е зошто Уставниот суд, чиј состав е од блиски луѓе на ДУИ и СДСМ, зошто овој предмет што го има во фиока со години, дури сега процени дека е време да се постапи, да се донесе одлука за тоа? Ние не сакаме да навлеземе и да влијаеме врз судската власт, но сакаме да им укажеме, да ги повикаме со трезна глава да размислат би-


Reg. No. A0042461G — АХАМ BRIDGE OF HUMANITY — ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА

Места каде се издаваат и примаат кутиите

**ВИКТОРИЈА**
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841
**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440
**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635
**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027
**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568
**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613
**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:** Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:** Целе Вељановски 9337 3931
**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:** Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
**МЕЛТОН:** Драги 0419 325 848
**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:** Валентина 0451 820 045
**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251

**СЕНТ АЛБАНС:** Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
**ЏАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**
**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989
**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595
**БЕНКСТАУН – ЏАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Цексон - 9793 0366, 0407 175 727
**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287
**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493
**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965
**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**
**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**
**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**
**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

дејќи со ова можат да придонесат за дестабилизација и да пореметат процеси кои не се во интерес на државата, рече Меџити.

Неодамна претседателот на Уставниот суд, Дарко Костадиновски, изјави дека одлуката на Уставниот суд мора да се прифати како израз на зрелост.

- Не може бројни политички актери претпладне од уста да не ја вадат заложбата за правна држава, за владеење на правото, за европски стандарди, а попладне да ги етикетираат одлуките на Уставниот суд како политички, етнички, верски... Законот за употреба на јазиците беше дил меѓу Зоран Заев и Али Ахмети за формирање на Владата во 2017 година. Власта го донесе со низа контроверзи, а тогашниот собарнсики спикер Талат Џафери ги изигнорира над 35.000 амандмнаи на тогашната опозиција. На законот има забелешки и од Венецијанската комисија која заклучи дека Законот за јазиците оди премногу далеку, наметнувајќи нереални обврски на институциите, изјави Костадиновски.

# ЕК: Скопје е меѓу Европските десет градови најлоши за живеење

72% жители на Скопје се задоволни со животот во главниот град, покажа ново истражување за квалитетот на животот во европските градови што го спроведе Европската комисија. На врвот на оваа листа е Цирих, каде што 97% од граѓаните се задоволни со животот, следен од Копенхаген (96%) и Гронинген (96%), додека на дното се Палермо (62%), Атина (65%), Истанбул (65%)... Зад Скопје се и Рим, Белград, Неапол и Тирана.

Истражувањето опфати бројни аспекти од урбаниот живот а Скопје најчесто се наоѓа на дното на листите. Така само 13% граѓани сметаат дека квалитетот на животот во градот се подобрил во изминатите пет години.

Скопје е на последното место на листата во поглед на здравствената заштита, од што се задоволни само 27% граѓани, покажа истражувањето. Само 12% жители се задоволни со квалитетот на воздухот во градот, што исто така му го донесе последното место, а со општата чистота 23%.

Скопје е најлошиот град за живеење и за имигранти. Само 33% испитаници сметаат дека е добар за нив, а 38% граѓани рекле дека Скопје е добро место за припадниците на ЛГБТИ заедницата.

Во поглед на безбедноста ноќе, Скопје котира во средината, понатаму 60% од испитаниците се задоволни со својата работна ситуација во градот, а 65% сметаат дека лесно може да се најде добро сместување за пристојна цена, во што Скопје е само зад Оулу (Финска) и Олборг (Данска).

Дури 51% од жителите на Скопје не се задоволни со финансиската ситуација во своето домаќинство, полошо е само во грчките градови Атина и Хераклион.

Во поглед на превозот, 64% луѓе користат автомобил во типичен ден во Скопје, во што е на третото место во Европа, а само 47% се задоволни со јавниот превоз. Граѓаните на Скопје не се задоволни ни со културниот живот. Позитивно се изјасниле 56% испитаници, позадоволни само од Подгорица, Тирана и Валета. Во исто време, само 36% се задоволни со состојбата со зеленилото во градот, што исто така е при дното на листата.




# Оштетени камерите што откриваат пожари во Националниот парк „Пелистер"



Оштетени се двете камери поставени на местото „Превалец" од каде Националниот парк „Пелистер" Битола врши мониторинг на позиции од Баба Планина за навремено откривање и превенција на пожари. Непознатите сторители не ја зеле опремата, но со оштетување ги ставиле надвор од функција камерите за да не снимаат.

Камерите се поставени на столбови од 4 метри висина, на една стратешка позиција во шумата, на местото „Превалец" од каде се гледаат многу позиции што се во заштитената зона. Сомневањата се дека опремата не е случајно оштетена, можеби се работи за дрвокрадци пред почетокот на грејната сезона.

Камерите се поставени пред две години како донација од прекуграничниот проект со Република Грција и Воена академија „Михајло Апостолски" со намера да вршат надзор на заштитеното со закон подрачје, и се вмрежени со Министерството за одбрана.

- На локација „Превалец" на многу стратешко место, од каде се набљудува скоро цела Баба Планина, поставени се две камери кои што служат за набљудување и рана детекција на пожари, но при редовна контрола на ренџерот, минатиот викенд, откриено е дека дел од опремата е оштетена. Кутиите се оштетени, а камерите се дисконектирани, вели Зоран Пројчевски, шумарски инженер.

Позицијата каде се поставени камерите е на надморска височина од 1.100 метри, на земјиште на „Национални шуми" и имаат увид на потпелистерките села Ротино, Цапари, Братиндол, Кажани, Нижеполе до Црвени Петли…

Шумарскиот инженер Пројчевски вели дека „Превалец" е видиковец од каде се набљудува цел национален парк, оти пожарите во најголем број на случаи почнуваат од населените места и земјоделските површини со палење на стрништа и отпад, па се движат нагоре кон планината.

Случајот е пријавен во СВР Битола, а инспектори биле на терен со цел да се констатира штетата. Од Националниот парк се загрижени и велат дека функционирањето на камерите е повеќе од потребно за заштита на паркот не само од опожарување ами и од дива сеча.

- Постапивме и случајот го пријавивме во полиција со цел да се откријат сторителите и ќе поднесеме кривична пријава против непознат сторител. Не сакаме да ни се случи тоа што се случи во другите национални паркови во државата и во соседството. Опремата е наша, набавена преку европски проектот и е многу значајна за заштита од пожари на Националниот парк "Пелистер". Со опремата досега успеавме да ги надминеме сите помали пожари кои се појавија ова лето и за тоа сме посебно горди како екипа во НП Пелистер, вели директорот на НП „Пелистер", Малиќ Шемшедини.




# Како со социјална помош купил Ламборгини и Харли?



Невработен сопственик на *Lamborghini Huracan* и *Harley-Davidson V-Rod* од *Австралија* се нашол во неволја кога полицијата тропнала на неговата врата.

Сопственикот на овие две возила има 39 години и е невработен од 2019 година, добивал надоместок за невработеност и нема други пријавени приходи.

Бидејќи не можел да докаже од каде ги добил парите за да ги купи *Ламборгини* и *Харли*, полицијата на *Нов Јужен Велс* ги запленила двете возила и еден пар часовници *Ролекс* со вкупна вредност од 500,000 долари.

Освен тоа, Единицата за организиран криминал во *Нов Јужен Велс* тврди дека мажот можеби има врски со организираниот криминал.

Истрагата за „необјаснето" богатство на осомничениот и наводните врски со мрежи на организиран криминал започна во мај оваа година. Два месеци подоцна, агентите упаднале во неговиот дом во Сиднеј, каде што пронашле италијански суперавтомобил, часовници и споменатото *Харли*.

Според некои извори, осомничениот не го криел изненадувањето и само изјавил: *„Ова е грешка, можам се да објаснам"*.

Во средината на август, сопственикот на запленетите возила е обвинет за кривично дело *„нечесно поседување имот"* и ќе се појави пред локалниот суд во *Парамата* на 4 октомври.




# Никој не знае колку осуденици се надвор од затворите – од Шутка и „Идризово“ над 100 се постојано на улица



Колку осуденици се надвор од затворите и како се нашле на улица? Ова е главното прашање што го отвори убиството на бизнисменот на 20 август кај трговскиот центар *„Мавровка“* во *Скопје*. Тој беше застрелан од затвореник кој на 15 април добил слободен викенд од затворот *„Идризово“*, но не се вратил таму, се додека не беше уапсен по грозоморното убиство. Како што објавува скопски *„Фокус“*, првоосомничениот за убиството требало да биде во затвор до 2032 година, но наместо во затвор, тој прво избегал од затворот во *Прилеп*, па бил фатен со нелегално оружје, а потоа не се вратил ниту во *„Идризово“*.

Министерот за внатрешни работи, **Панче Тошковски**, во телевизиско интервју обелодени дека во текот на минатата и оваа година, само од затворите *„Идризово“* и *„Скопје“* (*Шутка*) избегале околу 200 затвореници.

За ова тој ги обвини поранешните први луѓе на Бирото за јавна безбедност и на двете казнено-поправни установи поставени на овие функции од, како што рече, власта на *СДСМ* и *ДУИ*.

*- Јас сакам да поставам едно прашање: зошто 200 луѓе избегале од затвор за време на директорувањето на претходниот директор на БЈБ и на затворите во текот на 2023 и 2024 година. Да не ги пуштиле случајно? Да не ги пуштиле со намера?*, праша **Тошковски**. За да ги најде и врати бегалците од затвор, **Тошковски** објави дека почнуваат со оперативна акција, која ќе биде фокусирана на безбедноста на *Скопје*.

Новиот директор на Управата за санкции, **Александар Пандов**, прашан дали имаат преброено колку осуденици имаат избегано од затворите во земјата, изјави дека мал број на осуденици имаат сторено класично бегство.

*- Но, околу 120 до 130 осуденици се водат како бегалци, бидејќи по закон им е дадено викенд отсуство, но не се вратиле во затворите, за да ја продолжат затворската казна. Во годините наназад, зборувам четири-пет години, биле пуштени на одмор или на викенд и не се вратени во затворите*, вели **Пандов**.

Од овие податоци може да се заклучи дека бројката на избегани затвореници само од *„Идризово“* и *Шутка*, не е 200 но постојано е речиси 150, односно според податоците на директорите на двата затвора е 137. Инаку во „ “ има 1.200 затвореници, а во сите останати 11 затвори низ државата има уште 1.200 затвореници.

## ”Успение на Пресвета Богородица” - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *”Успение на Пресвета Богородица”* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# Од невработен, без искуство и диплома, сега заработува милион долари годишно




Водењето успешен бизнис без квалификации изгледа како сон, но за овој млад човек тоа е реалност. Австралиецот **Џејсон Шипвеј**, попознат како **Џејсон Клинс**, денес со својата компанија за чистење заработува $970.000 годишно. На својот подкаст *Self Maid*, **Џејсон** открил како од чистење на домови без никакви квалификации изградил сопствената империја и потсети колку е тешко да се најде работа. По низа безизлезни интервјуа во 2020 година, одлучил да си стане свој шеф. *„Во одреден момент сфатив „никогаш нема да заработам работејќи за други"*, особено што *немам никакви вештини и квалификации"*.

Размислувал каков бизнис би можел да почне *„без пари и без вештини"*. На крајот ги намалил своите опции на три работи: детално чистење автомобили, косење тревници или чистење домови. Набрзо сфатил дека чистењето на автомобилите е премногу напорно, а за компанија за уредување е потребен почетен капитал што тој го немал, му останала само една опција. Си рекол компанија за чистење е најбезбедна опција, со оглед на тоа што носи постојан приход и бара минимални вложувања. Единствената пречка за почнување сопствен бизнис било знаењето кое го добил гледајќи видеа за чистење на *YouTube*, кои потоа со недели ги вежбал во својот дом. Откако стекнал самодоверба, направил лифлети за својата фирма, *Enhanced Cleaning*, кои ги ставал во поштенски сандачиња. Според негова проценка минувал меѓу 200 до 400 домови секој ден додека *„го тенчел тротоарот"* под австралиското сонце. И покрај неговите напори и долгите денови минати на улица, летоците не го оствариле посакуваниот ефект. Набрзо сфатил дека токму неговата порака ги збунува потенцијалните клиенти, нарекувајќи ја *„навистина долга и премногу тешка за читање"*. Откако смислил поедноставни огласи, почнал да добива клиенти. Сепак, дури откога го лансирал својот прв онлајн натпревар, бизнисот навистина почна да се развива. *„Осмислив натпревар, за кој верувам дека го разработи мојот бизнис од почетокот"* - објаснил тој. Имено, понудил награда од едномесечно бесплатно чистење, па ги поттикнувал луѓето да ги препорачуваат пријателите за поголема шанса за победа. Наместо едноставно да земе име и информации за контакт, поставувал серија прашања, барајќи потенцијални клиенти. *„Одговараа на прашањата: Кога последен пат сте ја исчистиле својата куќа? Дали сте заинтересирани за чистење? Дали веќе сте користеле услуги за чистење?"* - објаснил тој.

*„Во основа се квалификуваа како луѓе кои сакаат чистење, а јас ги сакав за свои клиенти"*.

До моментот на извлекувањето, **Џејсон** собрал 500 адреси и успеал да генерира околу 20 клиенти од списокот кои биле подготвени да платат за услугите за чистење. Веднаш по пријавувањето им се јавувал: *„Еј, се пријавивте на натпревар за бесплатно чистење, дали би сакале понуда за тековно чистење во домаќинството?"* - им велел тој.

*„Многумина веднаш по понудата резервираа термин за чистење, и успеав да добијам клиенти во вредност од речиси милион долари годишно. Кога ќе размислите, во однос на повратот на инвестицијата, времето потрошено во вредност од $250 (за бесплатно чистење) во замена за $970.000 годишен приход, тоа е многу добра зделка"*. Посочил дека *„секоја рекламна агенција би била задоволна од тие бројки"*. Објаснувајки, натпреварите се одличен начин за брз поттик на бизнисот, особено на почетокот, и создавање *„органска виралност"* на *Интернет*. По „големиот успех" на неговиот прв натпревар, **Џејсон** продолжил да ги инвестира заработените пари во рекламирање. Наскоро успеал својата саатница од 30 долари на час од своите први клиенти да ја претвори во профитабилен бизнис.

# Литургија и одбележување на храмовиот празник голема Богородица во Сиденхам

Минатава среда, кога го празнуваме празникот на Успението на *Пресвета Богородица (Голема Богородица)*, во црковната општина *„Успение на Пресвета Богородица"* во *Сиднам*, старешината на храмот протојереј – ставрофор **Ефтим Бетински** во сослужение со отец **Гаврил** отслужи Света Златоустова Литургија со што беше одбележана храмовата слава.

На Литургијата, учество зеде мноштво верен народ, кој му се заблагодари на Бога и се причести со *Светите Христовите Тајни.*



***За патрониот празник на Црквата Успението на Пресвета Богородица во Сиднам свечената литургија ја водеа протојереј – ставрофор Ефтим Бетински и Архимандрид Гаврил***


## ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
## БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




**ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.**

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата **www.australianmacedonian.com.au** и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралискио Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

# Историска победа на екстремната десница во Германија

Екстремно десничарската *Алтернатива за Германија (AfD)* за првпат победи на покраинските избори во *Германија*. *АфД* освои речиси една третина од гласовите во *Тирингија*, додека во соседна *Саксонија* е втора зад демохристијанската *ЦДУ*. Ова е прв пат по Втората светска војна екстремната десница да победи на избори во германска сојузна покраина.




*Саксонија* и *Тирингија* се само две од 16-те сојузни покраини, а нивните 5 милиони граѓани со право на глас се далеку од околу 60-те милиони во целата земја. Сепак, пораката што ја испратија таму гласачите е нешто за што сите треба сериозно да размислат. Популистичката *АфД* за првпат освои практично една третина од гласовите, а тука е и големиот успех на *Алијансата Сара Вагенкнехт* со политички цели за кои *ДВ* пишува дека се чини дека припаѓаат на далечното минато. Од друга страна, сите партии од владејачката коалиција - социјалдемократите, либералите и зелените - заедно не освоија ниту половина од гласовите на *АфД*. Зелените и либералите не добија ни доволно гласови за да влезат во парламентите на тие покраини, а на работ на тој невиден политички срам беше и *СПД*. Сепак, иако стана најсилната фракција во покраинскиот парламент во *Тирингија*, нема да биде доволно таа да стане шеф на покраинската влада бидејќи сите други партии одбиваат да влезат во коалиција со *АфД*. На крајот на септември се одржуваат покраински избори и во *Бранденбург* - исто така на истокот на *Германија*. Таму социјалдемократите владеат од 1990 година, но пред овие избори се води остра битка меѓу *СПД* и *АфД*, која има и мала предност кај гласачите.

Бидејќи ниту една партија не може самостојно да формира влада во овие две провинции, коалициите се неизбежни. Сепак, сите партии најавија дека нема да соработуваат со *АфД*, па во наредниот период ќе биде интересно да се набљудува дали демохристијаните ќе соработуваат со *Алијансата Сара Вагенкнехт (БСВ)* или ќе се формираат уште пошироки сојузи.




# Турција аплицираше за членство во БРИКС




*Турција* официјално побара членство во групата *БРИКС*, со цел да го зајакне своето глобално влијание и да изгради нови врски надвор од традиционалните западни сојузници, објави *Блумберг*, повикувајќи се на неименувани извори. Ставот на администрацијата на претседателот **Реџеп Таип Ердоган** е дека геополитичкиот центар на гравитација се оддалечува од развиените економии, велат извори.

*„Турција може да стане силна, просперитетна, престижна и ефикасна земја доколку истовремено ги подобри односите со Истокот и Западот. Секој друг метод нема да биде од корист за Турција, туку ќе и наштети“*, рече **Ердоган**.

Според *Блумберг*, одлуката на *Турција* да се приклучи на *БИРКС* доаѓа делумно по одредено заладување во односите со *Западот*, што се случи откако *Турција* одлучи да остане во добри односи со *Русија*.

Групата *БРИКС* се состои од *Бразил, Индија, Кина, Јужна Африка, Иран, Обединетите Арапски Емирати, Етиопија* и *Египет*, а *Саудиска Арабија* е поканета да се приклучи.

Кон крајот на октомври во *Казан*, *Русија*, може да се зборува за кандидатурата на *Турција*, пишува *Блумберг*.

*Малезија, Тајланд* и *Азербејџан* се меѓу другите земји кои сакаат да се приклучат на *БРИКС*.

# Филипини и Виетнам потпишуваат одбранбен договор

*Филипини* и *Виетнам* ќе потпишат договор за одбранбена соработка, соопшти кабинетот на филипинскиот претседател **Фердинанд Маркос Џуниор**, што е значаен чекор на двете земји кои долго време се противат на кинеските акции во *Јужното Кинеско Море*.




Виетнамскиот министер за одбрана **Фан Ван Гианг** беше во *Манила* на разговори со неговиот филипински колега **Гилберт Теодоро**, а претходно истиот ден се сретна и со **Маркос**.

– *Сега зборуваме за одбранбена соработка, безбедносна соработка, поморска соработка и секако во областа на трговијата*, рече **Маркос** во изјавата, во која не се наведени детали за одбранбениот договор. Договорот доаѓа во време на тензии во *Јужното Кинеско Море* и меѓународна загриженост поради ескалацијата, како и однесувањето на кинеската флота и нејзините активности во ексклузивните економски зони на нејзините соседи. Одлуката на *Виетнам* да склучи договор доаѓа во време кога сојузникот на *САД*, *Филипините* и *Кина* речиси секоја недела се препукуваат околу *Јужното Кинеско Море*, спор што трае повеќе од една година. *Кина* тврди дека има суверенитет над речиси целиот стратешки воден пат. И покрај тоа што *Виетнам* и *Филипини* полагаат право на островите *Спратли* во *Јужното Кинеско Море*, двете земји изразија желба да работат заедно за да ги решат споровите.

# ЗОШТО НЕ Е ДОБРО ДА ПИЕТЕ КАФЕ ВЕДНАШ ШТОМ ЌЕ СЕ РАЗБУДИТЕ

Австралиската докторка Шина Бурнел, која е специјалист анестезиолог со дополнителни акредитиви за животен стил и програми против стареење, истакнува неколку важни совети за пиењето кафе. Таа вели дека не е добро да се пие кафе веднаш штом ќе се разбудите.

Еве неколку важни совети што таа им ги дава на нејзините клиенти поврзани со кафето.

Почекајте по будењето: Се препорачува да почекате најмалку еден час по будењето пред да пиете кафе. Ова е важно бидејќи кофеинот може да го зголеми нивото на кортизол, хормон кој веќе природно е покачен наутро.

Оптимално време за кафе: Идеално време да се пие кафе е помеѓу 8 и 14 часот. Ова му помага на кофеинот да ѝ помогне на состојбата на будност без да го наруши природниот ритам на кортизолот.

Избегнувајте доцно кафе: Не треба да се пие кафе во доцните попладневни и



вечерни часови за да не го нарушите сонот.

Количество кафе: Се препорачува да се ограничите на две до три шолји дневно. Прекумерното консумирање, повеќе од три шолји дневно, може да го зголеми ризикот на опаѓање на когнитивните способности во подоцнежниот живот.

Овие совети можат да ви помогнат да уживате во кафето и да ги избегнете негативни здравствени последици.

# ДОЛГО ВРЕМЕ ПО СНИМАЊЕТО НА „КРУНА“ НЕ МОЖЕВ ДА СЕ ОСЛОБОДАМ ОД МАНИРИТЕ НА ДИЈАНА, ВЕЛИ АКТЕРКАТА ЕЛИЗАБЕТ ДЕБИКИ



Австралиската актерка Елизабет Дебики изјави дека ѝ било тешко да се ослободи од манирите на принцезата Дијана откако ја глумеше во серијата „Круна“. Таа вели дека уште долго време по завршувањето на снимањето на последната, шеста сезона несвесно ја имитирала Дијана.

„Мојот глас малку се промени и морав да се потрудам да го вратам мојот природен глас, исто така и мојот акцент. Правев и доста физички работи, па се фаќав себеси како ја навалувам главата. Некој ми кажа дека така правам кога сакам да убедам луѓе во нешто. Тоа веќе не ми се случува, но морав свесно да се откажам од некои движења“, кажа Дебики во интервјуто за „Пипл“.

Таа ја играше Дијана во последните две сезони на наградуваната серија на „Нетфликс“, за што доби две номинации за Еми. Претходно кажа дека една година истражувала за да се подготви за улогата.

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК


www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1830 Year 37 • Tuesday, 3 September 2024 • Price $4.00 inc GST

Патувајте во Македонија и секаде во светот
AVIO TRAVEL
325 High St Preston
(03) 9471 4556
(03) 9471 4559
mobile 0401 686 970

ДУРИ СЕГА ЌЕ СЕ „ПОМАКЕДОНЧУВА“ АСФАЛТОТ НА АВТОПАТОТ КИЧЕВО-ОХРИД!?

МЕТ КОМИН:
СЕ ПОВЕЌЕ ДОЦНАТ СО ОТПЛАТА НА КРЕДИТОТ

ЦЕНТАРОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ЛЕРИН

ГРЦИЈА ГО УКИНА, АМА БОРБАТА ПРОДОЛЖУВА

МИЦКОСКИ:
ВО ПЕРИОДОТ ШТО СЛЕДИ ЌЕ СЕ СООЧИМЕ СО КРУПНИ ПРЕДИЗВИЦИ

„ФАЈНАНС ТИНК“: ПРЕТХОДНАТА ВЛАДА НЕ РЕАЛИЗИРА 51 ОТСТО ОД ВЕТУВАЊАТА


БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за оштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места / Comcare Claims
- Супераннуација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ
573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000
www.arnoldthomasbecker.com.au


## АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ

ЛИГА НА НАЦИИ:

# Фарските Острови се првиот предизвик за Македонија



Македонската сениорска репрезентација ги тера подготовките за настапот во новото издание на Лигата на нации, поточно дуелите со Фарски Острови и Ерменија со кои ќе тргне во овој циклус, мечеви закажани за 7 и 10 септември.

Селекторот Благоја Милевски почна да ги мести коцките со тоа што фокусот сега е ставен на Фарски Острови со кои ќе се соочи на нивен терен. Тоа е селекција која не смее да се потцени особено кога игра пред своите гледачи.

Тоа е средба која се игра во сабота, средба на која се бараат три бода за позитивен почеток и самодоверба пред битката со Ерменците во Скопје. Експедицијата на пат кон Торшавн замина вчера на пладне.

## ТРИ НОВИ ИМИЊА КАЈ ФАРСКИ ОСТРОВИ, ОТПАДНА КЛУЧЕН ИГРАЧ

Фудбалерот од средниот ред на Фарски Острови, Брандур Хендриксон, отпадна од дуелот со Македонија поради повреда. Хендриксон кој одигра 53 натпревари за „фараните", веќе го напуштил тренинг кампот на својата селекција. Беше еден од најдобрите фудбалери на Фарски, и играч на норвешки Фредерикштад.

Затоа за дуелот со Македонија конкурираат тројца нови играчи. Станува збор за Сони Натештад, Патрик Јоханесен и Паетур Петерсен, кои добија дополнителни повици.

## Митровски: Имаме јасна цел, за националниот тим се дава 200 проценти!



Димитар Митровски е еден од репрезентативците кој е во најдобра форма, игра редовно во Вараждин, па е подготвен да даде максимум ако добие шанса од селекторот Милевски.

- Целта за нас е да го освоиме првото место во групата. Влегуваме како фаворити против Фарски Острови, но секој натпревар е тежок. Треба да се прилагодиме и на временските услови и теренот, но треба да бидеме позитивни и да го дадеме најдоброто за националниот тим, порача Митровски.

Силениот оптимизам кој владее во македонскиот табор го поддржува и фудбалерот од средниот ред на романски Сепси, Исник Алими.

- Одиме по три сигурни бода во Фарски Острови, иако знаеме дека ќе биде тежок натпревар. Имаме добри играчи и треба да ја играме само нашата игра. Фарските Острови се репрезентација која е фокусирана на одбрана, нема премногу простор во последната зона, но треба да играме брзо, да најдеме простор и ако постигнеме брз гол ќе биде полесно за нас, кажа Алими.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days

403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

### ЗАХАРИЕВСКИ Е НОВ ТРЕНЕР НА ФК ВАРДАР:

# Целта за оваа сезона е да го стабилизираме клубот, да игра многу подобро




Откако се раздели со Горазд Михаилов и по кратката соработка со Горан Петрески, фудбалскиот клуб Вардар веднаш назначи нов тренер на екипата.

Поранешниот македонски репрезентативец Срѓан Захариевски е промовиран како нов кормилар на скопските „црвено-црни".

Тој им се заблагодари на раководството, на навивачите и структурите на ФК Вардар што му дадоа можност да биде нивниот избор да го води клубот.

– Доаѓам во незгоден момент, каде што не можам да корегирам во делот на физичка подготовка, не можеме да корегирам во внесување на нови играчи. Имаме уште два-три дена ако можеме да се засилиме со еден нов фудбалер. Амбициите се да го стабилизираме Вардар, да игра доста подобро, да оди на победа. До каде ќе стигнеме во овој момент не можам да кажам, но Вардар ќе се бори секогаш да победува – вели Захариевски.

Моментно во шампионатот Вардар е на последното 12 место со три бодови.

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ЗА, 22 КОЛО

# Вестерн Најтс – Стирлинг Македонија 3:0



На последната средба од регуларниот дел од сезоната Стирлинг Македонија беше поразена со високи 3:0. Домаќинот од почеток до крај доминираше и заслужено ги зеде трите бодови. На почетокот во 8 минута Џеси Лазаро го отвори резултатот за 1:0.

Во второто полувреме во 76 минута Адам Харис зголеми на 2:0. Додека во последните моменти од средбата во 91 минута Лазаро повторно се запиша како стрелец за конечните 3:0.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Олимпик Кингсвеј | 52 |
| Перт Ред Стар | 46 |
| Фриментл Сити | 36 |
| Стирлинг Македонија | 36 |
| Бејсвотер Сити | 33 |
| Флореат Атена | 33 |
| Армадел | 31 |
| Вестерн Најтс | 29 |
| Балката | 24 |
| Перт | 23 |
| Перт Глори | 14 |
| Инглвуд | 9 |

Стирлинг Македонија заврши на четвртото место со ист број на бодови како третопласираниот Фриментл Сити кој имаше подобра гол разлика. Сезонски шампион е Олимпик Кингсвеј. Сега останува уште настапот во финалното разигрување помеѓу првите четири екипи за шампионската титула на НПЛ за Западна Австралија.



**ПРВА ДРЖАВНА ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 21 КОЛО**

# Обезбедена е промоцијата за следната сезона

## Џилонг Македонија – Бримбанк Сталионс 2:2



Средба на која сите беа подготвени за прослава на враќањето на Џилонг Македонија во Националната премиер лига 2 на Викторија. Нашиот претставник завршува сигурен на второто место со 37 бодови што е пет повеќе од третиот на табелата Вестгејт. Гостите се покажаа како цврст противник и малку фалеше да ги земат сите бодови, но на крај херој на средбата беше Бруно Гервасони кој како стрелец на двата гола за Џилонг не дозволи никакво изненадување.

За наредната година промоција покрај Џилонг Македонија доби и лидерот на табелата Витлси Јунајтед.

Нашиот втор претставник во лигата, Сиднам Парк Македонија славеше победа во гости над Упфилд со 2:1, и се наоѓа на петтото место.

Во последното коло што се игра в сабота, на 7 септември, Џилонг Македонија ја пречекува екипата на Витлси Јунајтед, а Сиднам Парк го пречекува Вестерн Сабрбс, сите натпревари се играат во 13 часот.

**НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА НЈВ, ПОЛУФИНАЛЕ**

## Рокдаел Илинден – Сиднеј Јунајтед 3:1



Минатава недела на Спортскиот центар „Илинден" се играше полуфиналниот натпревар во кој сосема заслужено триумфираа "комитите". Од самиот почеток започнаа со напади и во три наврати одлично интервенираше голманот на гостите Оливер Калач спасувајќи ја мрежата. Но на големо изненадување во неговиот прв удар кон голот во 30 минута поуспешен беше Аиден Миличевиќ и донесе водство за Сиднеј Јунајтед од 0:1.

Во второто полувреме продолжи Рокдаел Илинден со постојана опсада на пртивничкиот гол и после многу шанси пред голот најпосле Лаки Констабл во 72 минута го совлада извонредниот Калач за 1:1. Малку потоа во 88 минута Деан Пелеканос со прекрасен удар зголеми на 2:1. Во судиското продолжение во 96 минута конечниот резултат го постави Брае Овенс за 3:1.

Со оваа победа Рокдаел Илинден закажа место во големото финале на стадионот CommBank, и сите се надеваме дека заедно со сезонската титула ќе биде освоен и шампионскиот трофеј. Противник во големото финале ќе биде Маркони кој убедливо го совлада Блектаун Сити со 6:2.

Навистина извонредна година за клубот кој оваа година беше финалист и за Купот Варата, а стигна и до 32-то коло од Купот на Австралија.

Подмладокот на Рокдаел Илинден го совлада Маркони со 3:0 и исто така обезбеди пласман во големото финале под 20 години.




Australian Macedonian TODAY
Австралиска Македонски Денес
22
СПОРТ
ISSN 1442-195X

# ЛЕКЛЕР ЈА ДОБИ ТАКТИЧКАТА БИТКА СО МЕКЛАРЕН И ПОБЕДИ НА МОНЦА



Шарл Леклер (Монако, Ферари) победи во импресивната стратешка битка со Оскар Пјастри (Австралија, Мекларен) и Ландо Норис (Велика Британија, Мекларен) на легендарната трка за Големата награда на Италија во Монца, на која лидерот во шампионатот Макс Верстапен заврши едвај на шестото место и неговата предност на врвот продолжи да се топи.

Карлос Саинц (Ферари) заврши на четвртото место, а зад него беа Хамилтон, Верстапен, Расел и Перез на осмото место.

Верстапен, кој нема освоено Шпанско ГП во екот на летото, има 303 поени, а Норис сега заостанува 62 по неговата трета позиција во Монца и најбрзиот круг.

Леклер има 215 бодови, а Пјастри е четврти со 197.

